„Кој верува во Аллах и во Судниот ден, нека зборува добро, или нека молчи

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој верува во Аллах и во Судниот ден, нека зборува добро, или нека молчи. Кој верува во Аллах и во Судниот ден, нека го почитува својот сосед. Кој верува во Аллах и во Судниот ден, нека го почести својот гостин.“
[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè известил дека верникот кој верува во Аллах и Судниот ден, кој неминовно ќе се случи и на тој ден ќе одговараме за нашите дела, неговото верување го насочува да ги извршува следниве практики: Прво: Убаво зборување, како што е славењето и спомнувањето на Аллах, наредувањето за добри дела, одвраќањето од лошите дела, помирувањето на скараните, а доколку не прави вакви работи тогаш е најдобро да молчи, да не вознемирува никого и да внимава на јазикот. Второ: Почитувањето на соседот, да му прави добрина и да не го вознемирува. Трето: Почит кон гостинот кој ти дошол во посета, со убава комуникација, со зготвување на јадење и слично.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5437